РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2175/3
08-01-2021 v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од непознат подносител, на 45-та седница одржана на ден 29 Декември 2020 година донесе

## Одлука

Постапката покрената по пријавата за корупција бр. 12- 2689/1 од 14.05.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2689 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 2689/1 од 14.05.2019 година.

Предметот со број 12-2689 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2689 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12- 2689/1 од 14.05.2019 година доставена до Државната комисија од непознат подносител.

Со предметната пријава се изнесуваат сомневања за противправно постапување на службени лица од Јавното претпријатие --------------- и на едно физичко лице поранешен вработен во ова ЈП. Имено, според предметната пријава посоченото физичко лице ------------------ како Раководител на ------------------------------------ остварува месечни примања од околу --------------- денари и покрај тоа што веќе остварило право на пензија согласно позитивните законски прописи за пензиско и инвалидско осигурување.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба Државната комисија изврши административни проверки по однос на наводите од пријавата – нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барање за достава на податоци и информации од правното лице ЈП -------------------- по однос на прашањето за тоа дали посоченото лице е/било и за кој временски период - повремено или постојано, работно ангажирано во ова Јавно Претпријатие и по кој основ; дали истото лице било/е вработено во ЈП и дали со него е склучен правно важечки договор за вработување и секако дали, како што се наведува во пријавата е „поранешен пензионер" на кој му се исплаќаат месечни примања/плати, во кој месечен износ и по кој основ.

На вака поставеното барање кај Државната комисија е пристигнат писмен одговор со прилог документација за пријавениот случај од кој/и произлегува констатацијата дека посоченото лице било постојано работно ангажирано – вработено во ЈП сметано до -------------2017 година кога по основ на остварување на старосна пензија му престанал работниот однос и осигурувањето. Оттогаш ова лице не е

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

вработено во ЈП и со него не бил/е склучен важечки договор за вработување, меѓутоа со ова лице како лице со статус на пензионер ЈП ------------ има склучено договор за дело за давање на интелектуални услуги од ------------------ област поврзана со организирање и функционирање ----------, како и за стручно усовршување на вработени во ---------------- – почнувајќи од ---------------- 2019 година.

Врз основа на се, погоре наведено, а со оглед што не постои законска пречка за склучување на договор за дело од страна на физичко лице кое е пензионер, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 29 Декември 2020 година под бр. 2175/__**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил : Г.Т., Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива